ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО V ОДДЕЛЕНИЕ



V ОДДЕЛЕНИЕ

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

**МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКАТА КУЛТУРА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА**

**- Прирачник за наставници за V одделение -**

**Издавачи:** Македонски институт за медиуми
Ул. „Јуриј Гагарин“, 17/1-1
1000 Скопје

Биро за развој на образованието
У. „Руѓер Бошковиќ“, бр. 20
1000 Скопје

**Уредници:** Митко Чешларов
Ајше Ајрулаи

**Автори:** Марина Димитриева-Ѓорѓиевска
Оливера Тодороска
Митко Чешларов
Ајше Ајрулаи

**Стручна редакција:** Михајло Лахтов
Весна Никодиноска

**Лектура:** Виолета Караџовска-Стојанова

**Дизајн и техничка обработка:** Кома дизајн

Прирачникот е изработен во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ што го спроведуваат ИРЕКС и локалните партнери Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, а во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Поддршката за подготовка на прирачникот е обезбедена од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на прирачникот е одговорност на ИРЕКС и на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.



# Вовед

Денес, во време на „новата медиумска реалност", кога младите секојдневно се изложени на огромен број информации, преку традиционалните, а особено преку дигиталните медиумски платформи и технологии, неопходно е, преку образованието, во училиштето, тие да стекнат знаења и вештини за критичко преиспитување на медиумските содржини. Потребно е учениците да можат да го разграничат „главното и споредното" во сè што читаат, слушаат или гледаат, да ги препознаат елементите на пропагандата или скриените рекламни пораки, да го препознаат имплицитниот и експлицитниот говор на омраза. Преку наставата учениците треба да се оспособат на ефективно користење на информациите и на медиумските содржини и платформи, а преку нивното активно учество на различните социјални медиуми, се очекува тие да дејствуваат одговорно и критички да ѝ пристапуваат на содржината што ја „создаваат".

Во таа насока се воведува образование за медиумска писменост во новите наставни програми со одредени резултати од учење, содржини, стандарди за оценување и примери на активности со чие постигнување и реализација учениците поодговорно ќе им пристапуваат на медиумите, ќе ги анализираат пораките и ќе ги евалуираат информациите до кои доаѓаат, ќе ги користат информациите што ги добиваат преку медиумите и самите ќе креираат медиумски пораки на безбеден и на одговорен начин.



Во наставните програми од прво до петто одделение на основното образование, изучувањето на медиумската писменост е интегрирано во голем број содржини и активности низ различни наставни предмети. Така, во рамките на наставната програма по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик е развиено одделно подрачје насловено *Медиумска писменост и медиумска култура.*

За успешно постигнување на резултатите од учењето утврдени во ова подрачје од наставната програма, потребно е да се реализираат квалитетни и креативни активности на часовите, преку кои учениците искуствено ќе „се описменуваат" и ќе учат за медиумите и за нивната улога.

Прирачникот за наставници што реализираат настава по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик ќе им помогне на одделенските и на предметните наставници при планирањето и реализирањето на часовите на кои се разработуваат содржините за медиумска писменост и за медиумска култура. Прирачникот е подготвен за да им биде поддршка и инспирација во работата на наставниците за реализирање успешна и креативна настава.

Секој пример за реализација на активности на часовите се однесува на одредена содржина поврзана со соодветните стандарди за оценување од наставната програма што треба да се постигнат преку активностите на часот. Исто така, наведени се и потребната опрема и средствата за изведувањето на активностите за време на часот.

Примерите на часови се развиени преку активности за воведниот, за главниот и за завршниот дел на часот. Целта на воведните активности е да ги активираат предзнаењата на учениците и да ги воведат во содржината. Најчесто се конципирани преку куси истражувања или водење дискусии за да се објаснат или да се „насетат“ поимите што ќе се разработуваат на часот. Во делот што се однесува на активностите од главниот дел на часот, даден е детален опис на активноста/активностите преку која/кои учениците ќе истражуваат и притоа искуствено ќе учат, како и предлог за начинот на организација на работата на учениците во групи или во парови. Главните активности за часовите во прирачникот нудат широк дијапазон на идеи за учење и за креативно дејствување. Завршните активности, пак, се насочени кон изведувањето заклучоци преку спроведени дискусии. Последниот дел од примерите за часовите е рефлексијата во која се понудени прашања за тоа што научиле учениците, резимирање и поврзување на наученото со нивниот секојдневен живот.

Наставниците може да ги користат примерите за реализација на часовите за медиумска писменост од прирачникот како идеја за активности преку кои ќе се постигнат стандардите за оценување при реализација на горенаведените содржини од наставната програма на македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик и босански јазик. Активностите може да се преземат онака како што се дадени, може да се приспособат или да се изменат, односно да се модифицираат во согласност со идеите на наставникот, потребите и интересите на учениците и нивното напредување во процесот на учење, расположливите средства за работа, условите во училиштето и сл. Тие претставуваат примери за креативно и за искуствено учење за медиумската писменост според новите наставни програми. Врз основа на овие примери, наставниците лесно може да развијат сценарија за реализација на часовите, во зависност од средината и од условите во кои ја реализираат наставата. Дополнително, интегрираната настава овозможува некои од стандардите и активностите за нивно постигнување да се поврзат и со слични или со сродни содржини опфатени во други предмети.

Се очекува овој прирачник освен што ќе биде поддршка за наставниците при планирањето и реализирањето на наставата, воедно да биде и поттик за уште поголема креативност, мотивираност и ентузијазам во работата.

## Упатство за наставникот/наставничката за користење на Прирачникот за медиумска писменост за V одделение

Повеќе информации за новите термини и клучни концепти наставникот ќе може да прочита во Поимникот од областа на медиумската писменост, што е дел од овој прирачник. На овој начин, наставникот ќе може да ги приспособи содржините според возраста на учениците и полесно да им ги пренесе со цел тие да ги разберат.

# V ОДДЕЛЕНИЕ

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за петто одделение, во подрачјето Медиумска писменост и медиумска култура се изучуваат следните:

**Содржини (и поими)**

- Традиционални и дигитални медиуми
- Социјални медиуми
- Факти и мислења (информација, вест, интервју, лажна информација/дезинформација)

На крајот на учебната година, за ова подрачје учениците треба да ги постигнат следните:

**Резултати од учење**



**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

1. прави разлика меѓу традиционални и дигитални медиуми и да ги објаснува нивните предности и недостатоци;
2. разликува факти и мислења во медиумските содржини и да креира медиумски содржини со користење факти и мислења;
3. користи едноставни начини за верификување информации и фотографии од интернет.

**Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:**

1. последиците од претерано користење на социјалните мрежи;
2. потребата од проверка на вистинитоста на информациите на интернет и на социјалните мрежи.

## Поимник од областа на медиумската писменост[1]

**Медиумска писменост** ↘ Способност за пристапување, анализирање, оценување и креирање медиумски содржини, како и за учество во јавната сфера преку користење на медиумите во различни контексти. Медиумската писменост има цел да им помогне на граѓаните да препознаваат на кој начин медиумите ги филтрираат нивните перцепции и уверувања, ја обликуваат популарната култура и влијаат врз личниот избор. Дополнително, медиумската писменост ги насочува граѓаните кон критичко мислење и креативно решавање проблеми, оспособувајќи ги да станат внимателни корисници и креатори на информации.

Медиумската писменост доби на значење во втората половина на минатиот век со подемот на масовните медиуми. УНЕСКО во 60-тите години на минатиот век ја поддржа идејата за медиумска писменост, а во 1976 година изработи модел за медиумско образование. Посебно значење има донесувањето на Декларацијата за медиумско образование во 1982 година (потпишана од 19 земји), чијашто содржина влијаеше за „влез и развој" на медиумската писменост во образовниот систем во многу држави.

Во 2011 година, пред сè, како резултат на динамичниот и забрзан развој на комуникациските технологии и медиумското опкружување, УНЕСКО го надополни концептот за медиумска писменост со „информациска писменост" (анг. media and information literacy).

**Радио** ↘ Начин на безжичен пренос (на звуци и на знаци) на голема оддалеченост со помош на електромагнетни бранови пратени преку специјални уреди (радиостаници). Радиото е еден од најстарите масовни медиуми. Тоа се појавува на почетокот на 20 век, како резултат на повеќе технолошки пронајдоци што ја овозможиле неговата примена и распространетост. Радиото било особено популарен медиум во 30-тите години на 20 век, но по појавата на телевизијата неговата популарност опаѓа.[2]

**Телевизија** ↘ Пренос и прием на екран на подвижни слики, неподвижни објекти и на звук преку средства за радиоелектроника. Телевизијата како медиум се појавува во 20-тите години на 20 век. Нејзината најважна компонента, што ја разликува од другите традиционални медиуми, е пренесувањето подвижни слики до гледачите. Таа е најкомплексниот традиционален медиум поради можноста да комбинира слики, звук и зборови.[3]

**Весник** ↘ Периодично (дневно, неделно, месечно) издание со повеќе страници, во кое се објавуваат материјали за тековните политички, општествени и други настани. Првите форми на весници датираат уште пред новата ера, од времето на античкиот Рим, но печатењето и развојот на модерните весници се поврзува со создавањето на Гутенберговата печатница во Германија во 15 век.

**Социјални медиуми** ↘ Форми на електронска комуникација (како сајтови за социјално вмрежување и микроблогирање) преку кои корисниците создаваат онлајн заедници за споделување информации, идеи, лични пораки и друга содржина (како што се видео, аудио итн.). Содржините се креираат со намера да се разменуваат информации за производи, услуги, материјали, политики, движења, мислења. Главните карактеристики на социјалните медиуми се брзина, достапност и интерактивност.

**Новинар** ↘ Лице што професионално се занимава со прибирање и пишување вести и други медиумски содржини во печатени, електронски или во дигитални медиуми.

**Редакција** ↘ Канцелариите или просториите од весникот, радиото, телевизијата или од новинската агенција каде што вестите се собираат, се пишуваат, се уредуваат и се продуцираат со цел да бидат објавени во медиумот. Сите вработени во еден медиум.

1 Повеќе термини вклучени во овој Поимник се усогласени со Речникот на медиумската писменост што го подготви Институтот за комуникациски студии (2023), како и со „Прирачникот за обучувачи за медиумска писменост: Учиме да распознаваме" подготвен во рамките на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат".

2 Тодоровска-Павловска, С., Иванов, З. и Таневски, З. (2005)„Пишување за електронски медиуми", Скопје: Македонски институт за медиуми.

3 Филков, Г. (2005) „Пишување за електронски медиуми", Скопје: Македонски институт за медиуми.

**Вест** ↘ Нова информација за некој настан, лице/-а или ситуација, која се пренесува преку средствата за јавно информирање какви што се весник, радио, телевизија или онлајн медиум. Вест е специфичен формат на информативна содржина со свој наслов, поднаслов и содржина, подготвена од новинари и од уредници, а објавена преку некој вид медиум.

**Факти и мислења** ↘ Мислењето е верување или гледиште. Може, но не мора да се заснова врз факти. Не можете да докажете дека самото мислење е точно или погрешно.

Фактите, пак, може да се проверат и да се докаже дали изнесеното тврдење е точно или неточно. Фактите некогаш може да се невистинити. Нивната вистинитост може да се утврди со помош на докази.

**Интернет** ↘ Светска компјутерска мрежа преку електронска врска, која им овозможува на корисниците на персонални компјутери и на други компјутерски уреди што се наоѓаат на која било точка на Земјата, да имаат врска еден со друг, да добиваат и да разменуваат текстуална, аудио и визуелна информација.

**Дигитализација** ↘ Начинот на кој различни сфери од социјалниот живот се реструктурираат за да се приспособат и да ги вклучат дигиталната комуникација и медиумската инфраструктура.[4]

**Интернет-безбедност/онлајн безбедност** ↘ Практики на следење насоки, разбирање на модерната технологија и заштита на дигиталните уреди заради одбрана од злоупотреби и од штетни влијанија во онлајн сферата. Комуникацијата и активностите што се реализираат со користење дигитални технологии, можат да бидат под закана од злоупотреби на идентитет, како и на лични и финансиски податоци.

**Критичко креативно размислување** ↘ Во контекст на медиумската сфера, претставува сложен рефлексивен процес на размислување, кој во себе вклучува асоцијативна перцепција, синтеза, анализа и оцена на механизмите на функционирање на медиумите во општеството и во медиумските текстови (информации/известувања), проследено со аудиовизуелна претстава, виртуелно експериментирање, логичко и интуитивно прогнозирање во медиумската сфера. Притоа, развивањето на критичкото размислување не претставува крајна цел на медиумското образование, ами негов постојан дел.



**4** Bloomberg, J. „Digitization, digitalization and digital transformation: Confuse them at your peril", Forbes.com, 29.04.2018. Достапно на: https://www.forbes.com/sites/jasonbloomberg/2018/04/29/digitization-digitalization-and-digital-transformation-confuse-them-at-your-peril/?sh=393feae2f2c7

ПРЕДЛОГ-ЧАСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА СОДРЖИНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

ВО V ОДДЕЛЕНИЕ



# ТРАДИЦИОНАЛНИ И ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ

(2 часа)



## Час 1

# *Куса историја на медиумите*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги наведува сличностите и разликите меѓу традиционалните и дигиталните медиуми.

**Ресурси за часот:**

- неколку паметни телефони;
- интернет-пристап;
- паметна табла/обична табла;
- картички со илустрации;
- стикери или листови хартија.

# Воведен дел од часот

1 **Активност**

*Што е медиум? (реализација 10 минути)*

Учениците, поделени во групи, добиваат инструкции од наставникот да го истражат потеклото и значењето на зборот „медиум“ преку своите паметни телефони. Наставникот запишува на таблата неколку прашања, на кои треба да се најдат одговори преку пребарувањето:

- Од кој јазик доаѓа зборот „медиум“? Како е преведен?
- Наведете неколку значења на зборот „медиум“!

Потоа, учениците во групи дискутираат и треба да запишат примери каде го слушнале овој збор во секојдневната комуникација.

По пет минути од пребарувањето и дискусиите во групите, претставник од секоја група ги презентира пронајдените објаснувања и ги запишува на таблата (или на паметната табла).

Со помош на наставникот, по презентирањето на сите групи, се прави „резиме“:

Зборот „медиум“ потекнува од латинскиот збор „медиус“, што во превод значи „среден/-а/-о“, односно нешто што е „помеѓу“.

Во комуникациска смисла на зборот, медиум претставува посредник, спроводник или средство, односно канал за пренос на информациите до широката публика.

Денес, под зборот медиум/медиуми ги подразбираме телевизијата, радиото, весниците, списанијата, книгите, киното, филмот, како и видеоигрите, веб-порталите, социјалните медиуми и други што користат дигитални платформи за пренесување и за прием на информации. Сите овие медиуми се „посредници“, „средства“ со кои се овозможува пренесување на информациите и на пораките до многубројна публика.

# Главен дел од часот

## 1 Активност

*Патот на информацијата (реализација 7-8 минути)*

Учениците, поделени во парови, добиваат задача да смислат град или држава во која се наоѓаат, тоа да го запишат на стикер и да го прикачат на реверот. Потоа, секој ученик треба да смисли по една реченица/порака, која треба да ја размени со ученикот со кого е во пар. Пораката може да биде лична или да биде некоја вест за настан. Потоа, секој од учениците ја кажува пораката, а во зависност од содржината на пораката, треба да наведе и најсоодветен медиум за нејзин пренос (на пример, *„Денес се случи земјотрес во Тирана“* - вест што може да се пренесе преку телевизија, или *„Го положив последниот испит“* - лична порака што може да се пренесе преку СМС, електронска пошта, Вибер и сл.). Откога паровите ќе разменат „пораки“ меѓу себе, дискусијата може да продолжи во рамките на паралелката во насока на тоа дека формата и содржината на информацијата зависи, односно се приспособува на медиумот со кој се пренесува. Учениците наведуваат примери на различни видови пораки/вести/информации и дискутираат на кој начин, односно преку кој медиум тие може да се пренесуваат.

Со помош на наставникот се резимира дека е потребен посредник, канал, медиум за да може да се испрати, односно да се прими одредена информација.



## 2 Активност

*Временска лента (реализација 10-15 минути)*

Учениците поделени во две групи добиваат картички на кои се напишани различни видови медиуми. Првата група има задача да ги подреди медиумите по хронолошки редослед - од појавувањето на најстариот до најсовремениот медиум (весник, радио, телевизија, кабелска телевизија, веб-портали на весници, дигитална телевизија, социјални медиуми, како Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Ватсап, Тикток, Снепчет, е-пошта и СМС). Другата група треба да ги подреди по хронолошки редослед технолошките пронајдоци поврзани со медиумите (печатарска машина, радиоприемник, ТВ-приемник, компјутер, телефон, паметен телефон, таблет). Потоа, секоја група го презентира сработеното. На крајот на активноста наставникот ги подредува по хронолошки редослед видовите медиуми и технолошките пронајдоци поврзани со нив (Табела 1 и Табела 2) на паметната табла, а учениците ги проверуваат своите одговори и ги поправаат евентуалните грешки.

| Табела 1 | |
|---|---|
| **Весници** | 16-17 век |
| **Радио** | Почеток на 20 век |
| **Телевизија** | 20-тите години на 20 век |
| **Кабелска телевизија** | на почетокот на 80-тите години на 20 век |
| **Е-пошта** | 70-тите години на 20 век |
| **Ран интернет** | 1983 |
| **СМС** | 90-тите години на 20 век |
| **Гугл** | 1998 |
| **Фејсбук** | 2004 |
| **Јутјуб** | 2005 |
| **Твитер** | 2006 |
| **Ватсап** | 2009 |
| **Снепчет** | 2011 |
| **Тикток** | 2016 |

| Табела 2 | |
|---|---|
| **Печатарска машина** | 15 век |
| **Радиоприемник** | крај на 19 век |
| **ТВ-приемник** | 20-тите години на 20 век |
| **Компјутер** | 40-тите години на 20 век |
| **Интернет** | 60-тите години на 20 век |
| **Мобилен телефон** | 80-тите години на 20 век |
| **Паметен телефон** | Почеток на 90-тите години на 20 век |
| **Таблет** | 1987 |

По завршувањето на активноста *Временска лента*, се поттикнува дискусија за начините како низ времето медиумите ги пренесувале информациите, за што служеле и каков напредок донеле технолошките пронајдоци во развојот на медиумите и пренесувањето на информациите.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Збор-фотографија (реализација 5 минути)*

Учениците остануваат во групите во кои работеле во претходната активност. Добиваат ливчиња на кои се напишани следните зборови: збор, фотографија, видео, звук (во повеќе копии) и фотографии на кои се претставени различни медиуми/технички средства, како на пример: радиоприемник, телевизор, компјутер, паметен телефон, печатница и сл. Учениците треба да ги поврзат зборовите со фотографијата од соодветниот медиум/уред.

### Рефлексија

- Што научивме на денешниот час?
- Дали наученото може да го примениме со секојдневниот живот? Како?





## Час 2

# *Сличности и разлики меѓу традиционални и дигитални медиуми*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги наведува сличностите и разликите меѓу традиционалните и дигиталните медиуми.

**Ресурси за часот:**

- интернет-пристап;
- паметна табла/обична табла;
- маркери;
- картички со илустрации;
- листови хартија.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Работа за минута (реализација 5 минути)*

За време од една минута учениците, поделени во групи, запишуваат по три збора што означуваат објаснување или карактеристики на поимот *традиционален* и, исто така, за една минута по три збора за зборот *дигитален.* Потоа, секоја група ги кажува зборовите, а наставникот ги подредува и ги запишува објаснувањата што ги даваат учениците на табла. Преку куса дискусија се доаѓа до објаснување на поимите во различни контексти, а вниманието се задржува на нивното значење поврзано со медиумите.

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Традиционални и дигитални медиуми (реализација 20 минути)*

Наставникот, надоврзувајќи се на објаснувањата на зборовите *традиционален* и *дигитален*, бара од учениците да се обидат да направат поделба на медиумите на традиционални и на дигитални. Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист во кој се наведени различни медиуми како телевизија, весници, радио, списанија, Снепчет, Твитер, електронски портали, Месинџер, Фејсбук, СМС-пораки, Јутјуб, Инстаграм, Тикток, Вибер. Задача на групите е да ги распоредат наведените медиуми во двете категории: традиционални и дигитални медиуми. Потоа, по еден ученик од групата ја презентира поделбата што ја направиле во рамките на групата.

По презентирањето, наставникот ги поставува следните прашања:

- Што е заедничко за медиумите што се групирани во едната категорија, а што за тие во другата?
- По што се разликуваат двете категории медиуми?
- Што е заедничко за сите наведени медиуми?
- На кој начин бараме/пребаруваме информации во некој од посочените медиуми?

- ↘ На кој начин информациите од различни медиуми доаѓаат до нас?
- ↘ На кои медиуми корисниците имаат можност да коментираат или да реагираат веднаш?
- ↘ На кои медиуми корисникот има можност да создаде и да објави своја информација?

По одговорот на прашањата и евентуалните различни мислења и одговори на прашањата, учениците, со помош на наставникот, заклучуваат дека сите медиуми се канали за комуникација преку кои се пренесуваат информации и/или пораки. Сепак, разликата е во тоа што преку традиционалните медиуми (во печатена или во електронска форма) пораките се пренесуваат еднонасочно, од еден испраќач кон повеќе примачи, додека преку дигиталните медиуми пренесувањето е повеќенасочно - од еден кон повеќе корисници или од сите кон сите. Притоа, постои можност примачот на пораките да реагира на содржините, односно истовремено може да биде и креатор и испраќач на содржини.

Учениците заклучуваат дека дигитални медиуми се оние медиуми што користат компјутерска технологија и интернет за подготовка и за пренесување содржини.
Денес и традиционалните медиуми се приспособуваат на дигиталната средина и на навиките на корисниците, кои сè повеќе се информираат преку дигиталните уреди. Така, дигиталните медиуми ги опфаќаат интернет-медиумите, видеоигрите, социјалните мрежи, филмовите што користат 3Д-анимации, текстови и слики што настануваат со употреба на компјутерите, вклучително и содржини за учење, учебници во дигитална форма и друго.



# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Карактеристики на медиумите (реализација 5 минути)*

Учениците со помош на наставникот го претставуваат наученото во *Венов дијаграм* што наставникот го црта на таблата. Учениците со кревање рака кажуваат по една карактеристика на традиционалните, односно на дигиталните медиуми, при што сите заеднички и исти карактеристики на традиционалните и на дигиталните медиуми се ставаат во пресекот, додека разликите се пишуваат на различните страни.

*Венов дијаграм*



Пример за некои од зборовите/поимите што може да бидат дел од *Веновиот дијаграм*:




## 1 Прилог

| | Вид медиумска содржина<br><br>Што гледав/слушав? | Време поминато во следење медиумски содржини<br><br>Колку време гледав/слушав? (од - до) | На кој вид медиум се следи медиумската содржина<br><br>Каде гледав/слушав? |
|---|---|---|---|
| **понеделник** | | | |
| **вторник** | | | |
| **среда** | | | |
| **четврток** | | | |
| **петок** | | | |
| **сабота** | | | |
| **недела** | | | |
| *Забелешка* | | | |

## Рефлексија

- Што научивме на денешниот час?
- Дали повеќе ги користите дигиталните или традиционалните медиуми за да дојдете до информациите што ги барате? Зошто?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Домашна задача

Учениците добиваат за домашна задача да пополнат табела во која треба да се наведат медиумите и содржините што ги следат во текот на седмицата, како и времето поминато во следење на содржините. (Прилог 1)

(Домашната задача претставува подготовка за реализација на следниот час од медиумска писменост).

# СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

**(3 часа)**



Час 1

# *Предности и недостатоци на користењето интернет при пребарување*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги објаснува предностите и недостатоците на користењето интернет при пребарување содржини.

**Ресурси за часот:**

- работни листови со табели;
- интернет-пристап;
- паметна табла/ЛЦД-проектор;
- анимиран филм „*Авантура низ медиумската писменост*“;
- листови хартија/стикери;
- маркери.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Медиумите како дел од секојдневниот живот (реализација 5 минути)*

Учениците поделени во групи ги разгледуваат табелите што ги пополниле како домашна задача, за тоа кои и какви содржини следеле, колку време поминале во следење на тие содржини во текот на денот и на кои медиуми. Потоа, секоја група ги презентира податоците што ги навеле учениците. Наставникот ги поттикнува групите да посочат колку време користеле интернет, кои и какви содржини пребарувале/следеле преку пребарувачите на интернет и кои уреди ги користеле.

Учениците и наставникот прават анализа и доаѓаат до заклучок за начинот на кој учениците ги следат и ги користат медиумските содржини. Заедно заклучуваат дека дел од своето време го поминуваат следејќи медиумски содржини (малку/многу/доволно), ги истакнуваат тие содржини што најчесто ги следат, како и уредите што ги користат за таа цел (лаптоп, компјутер, телефон).

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Гледање краток филм (реализација 25 минути)*

Учениците гледаат краток анимиран филм „*Авантура низ медиумската писменост*“[5], по што наставникот отвора дискусија во врска со филмот, поставувајќи прашања:

- Какви содржини можат да се најдат на интернет?
- Кои корисни информации може да се пребаруваат и да се најдат на интернет?
- Како интернетот го олеснува нашиот живот?

---

5 АВМУ (2016) „Авантура низ медиумската писменост“, преведен и адаптиран анимиран филм во продукција на ЕАВИ. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=TdcUk-xgBX8.

↘ Дали сметате дека постојат опасности и замки при пребарување содржини на интернет?

↘ Кои се тие?

Доколку учениците не дадат конкретни одговори, наставникот им помага да ја разберат симболиката на океанот, островот на слободата, подводните суштества, пиратите, како и на чунот и на улогата на Светле во посочениот филм.

По дискусијата и објаснувањето за филмот, учениците, поделени во групи, на ливчиња пишуваат по три позитивни и три негативни искуства при пребарувањето содржини на интернет. Ливчињата ги лепат на табла. Наставникот ги користи забелешките на учениците за да отвори дискусија од која треба да се заклучи дека интернетот, од една страна, нуди многу можности за информирање, комуницирање, учење и забава, но, од друга страна, преку интернетот се пренесуваат и многу информации и содржини што може да бидат невистинити, штетни и опасни за корисниците.

# Завршен дел од часот

**1** **Активност**

*Препораки за користење интернет (реализација 10 минути)*

Учениците работат поделени во мали групи. Имаат задача да напишат по три реченици во вид на пораки во врска со користењето интернет, според тоа што го научиле на часот. Наставникот им посочува примери: „*При пребарувањето, не треба да се отвораат сите прозорчиња, особено тие што светкаат или имаат неразбирливи симболи*“ или „*Треба да ги отвораме само оние страници што сметаме дека се безбедни*“.

Потоа, ги разгледуваат и ги споредуваат пораките во мали групи, а на крајот секоја група ги чита пораките пред учениците од целата паралелка.

**Рефлексија**

- Што научивме на денешниот час?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

## Час 2

# *Предности и недостатоци на социјалните медиуми*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

↘ ги објаснува предностите и недостатоците на социјалните медиуми.

**Ресурси за часот:**

↘ работни листови;

↘ стикери;

↘ паметна табла/обична табла;

↘ маркери.

## Воведен дел на часот

**1 Активност**

*Мојот круг (реализација 10 минути)*

Наставникот дава насока секој ученик на работниот лист „*Мојот круг*“ (Прилог 1) да ги напише местата каде што оди, имињата на другарите со кои е во постојан контакт и се дружи со нив - при спортски или други активности, додека се занимава со некое хоби или се дружи со децата од соседството. Потоа, учениците во парови го презентираат тоа што го напишале.

Наставникот ја насочува активноста кон заклучокот дека секојдневно се среќаваме со многумина - другари, пријатели, соседи итн. Подготвувајќи ги учениците за следната активност, ги повикува да размислат колку луѓе среќаваат преку интернет, односно преку социјалните мрежи.

**1 Прилог ↘ Мојот круг**



## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Социјални мрежи (реализација 25 минути)*

Наставникот покажува ознаки/логоа на различни социјални медиуми (на пример: Вибер, Фејсбук, Инстаграм, Тикток, Снепчет), учениците ги идентификуваат социјалните мрежи и кажуваат кои од нив ги користат и за каква цел (на пр. комуникација, информирање, забава, едукација).

## 2 Прилог

| Социјален медиум | Го користам за |
|---|---|
| | |

### Наставникот поставува прашања:

- ↘ Во кој дел од денот користиш социјални медиуми (во одреден дел од денот, кога не сум на училиште, постојано...)?
- ↘ Дали социјалните медиуми што ги користиш имаат правила за *зачленување* во однос на возраста?
- ↘ Како постапуваш кога има *ограничување* за возраста?
- ↘ Дали ги информираш родителите дека користиш некои социјални медиуми?

Потоа учениците, поделени во групи, добиваат работен лист (Прилог 3) за споредба меѓу комуникација преку социјални медиуми со комуникација во живо, по однос на следните критериуми:

## 3 Прилог ↘ Работен лист ↘ Различни видови комуникација

| Различни видови комуникација | Во живо | Преку социјални медиуми |
|---|---|---|
| *создавање и одржување контакти* | | |
| *претставување на сопствените вештини и можности* | | |
| *изразување вистински чувства* | | |
| *прикажување лажна слика за себе* | | |
| *достапност на информации* | | |
| *вистинитост на информациите* | | |
| *едукативни цели и активности* | | |

Споредбата ја прават така што запишуваат која е предноста на секој од двата вида комуникација во однос на секој од наведените критериуми, во што се состои таа предност (на пример: *„Социјалните медиуми овозможуваат создавање повеќе контакти и секојдневно одржување на контактите со пријатели на различни локации, додека, пак, контактите што се создаваат и се одржуваат преку комуникацијата во живо се поблиски/непосредни“)*. При споредувањето, учениците го имаат предвид она што го работеа и во активноста „Мојот круг“ на денешниот час. Групите ја презентираат својата работа. На крајот се резимира дека комуникацијата преку социјалните медиуми има доста предности, но дека не може да биде замена за комуникацијата во живо.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Предности и недостатоци на социјалните медиуми (реализација 5 минути)*

Учениците самостојно запишуваат по една предност и по еден недостаток на социјалните медиуми според сопственото видување и во согласност со дискусиите од часот.



**Рефлексија**

- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?



**Час 3**

# Социјални медиуми - безбедност на социјалните медиуми

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- ги објаснува предностите и недостатоците на социјалните медиуми.

**Ресурси за часот:**

- паметна табла/обична табла;
- маркери;
- листови хартија;
- интернет-пристап;
- филм.

## Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Личната безбедност на социјалните медиуми (реализација 10 минути)*

Наставникот објаснува на кој начин треба да се создаде мисловната мапа.[6] Потоа го предлага насловот на мисловната мапа што треба да ја направат учениците - „Личната безбедност на социјалните медиуми“. Учениците, поделени во групи, запишуваат првичен клучен поим и потоа го „разделуваат“ и прават поврзувања меѓу поимите што ги кажуваат (социјални медиуми, безбедност, лични податоци, интерактивност, несоодветно однесување на другите членови од мрежите, несоодветни содржини, реклами итн.). Откако групите ќе ги направат мисловните мапи, по еден претставник од секоја група ја презентира мапата пред паралелката.

## Главен дел од часот

**1 Активност**

*Кој сум јас? (реализација 25 минути)*

Учениците на лист хартија запишуваат по неколку податоци за себе, без да ги наведат името, презимето, адресата, датумот на раѓање и слично. Секој ученик треба да се претстави со помош на знаци, симболи, исечоци од списанија, кои ќе бидат обележје за него, и со неколку кратки искази, како на пример: обожавам фудбал, имам црни очи, најомилено овошје ми се јагодите итн. Наставникот ги собира листовите, ги меша и ги поставува на едно место. До секој напишан лист се поставува празен лист. Потоа, еден ученик ги чита по ред „описите“, другите ученици „погодуваат“ кој стои зад описот, а еден ученик го запишува на листот името на ученикот „што е препознаен“.

Откако ќе се прочитаат сите листови, се преминува на „второ читање“, при што по читањето на описот, се јавува ученикот што го напишал. Ученикот што запишувал проверува дали според дадениот опис, другите ученици го погодиле неговиот „автор“.

Учениците дискутираат за тоа дали било лесно да се погоди чиј е описот/претставувањето, кои информации помогнале во погодувањето, кои информации биле непотребни, а особено се задржува вниманието на следните прашања:

6 Оваа техника овозможува сублимирање и давање на „општата слика за темата“ и воедно овозможува разбирање на концептите и на врските меѓу нив.

- Кои податоци за себе би им било или не би им било пријатно да ги споделат? Која е причината за тоа?
- Дали би се чувствувале пријатно своите лични податоци да ги споделат и со луѓе што воопшто не ги познаваат?
- Дали се чувствуваат безбедно кога ги споделуваат своите податоци?
- Дали треба да се споделуваат личните податоци со непознати?
- Дали треба да побараат одобрување од родителите/старателите за споделување лични податоци?

Потоа наставникот пушта краток филм *„Патување во медиумската писменост: Приватност и следење“*[7], по што се развива дискусија за безбедноста на секој поединец на социјалните медиуми и се заклучува дека давањето лични податоци е доверливо и треба да се направи само доколку се знае кому и зошто му се дава информацијата, односно личниот податок.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**



*Споделување информации/лични податоци (реализација 5 минути)*

Учениците се јавуваат со кревање рака доколку имаат да споделат сопствено искуство за споделување лични податоци. Наставникот ги „води“ со следните прашања: Дали и од кого ви биле поставувани прашања да дадете свои податоци (на социјалните мрежи, онлајн игри и слично)? Дали сметате дека е тоа опасно и зошто?

**Рефлексија**

- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**7** АABMУ (2016), „Патување во медиумската писменост: Приватност и следење“, преведен и адаптиран филм во продукција на ЕАВИ. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=U_VY6zjPoQA

# ФАКТИ И МИСЛЕЊА

(6 часа)



## Час 1

# Разлики меѓу факти и мислења

### Стандард за оценување

Ученикот/ученичката:

- прави разлика меѓу пренесување факти и искажување личен став/мислење во медиумските содржини.

### Ресурси за часот:

- паметна табла/или табла;
- интернет-пристап;
- работни листови;
- маркери во боја;
- фломастери.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Вистина или не (реализација 10 минути)*

Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист со десетина реченици/искази за кои треба да означат дали се факти или мислења, според тоа дали се проверливи (дали може да се докаже дека се вистинити или не), дали се исти (непроменливи) или променливи со текот на времето.

***Примери за факти:***

*Понеделник е прв ден во неделата.*

*На луѓето им е неопходна храна за да живеат.*

*На 2 август се слави Илинден.*

***Примери за мислења:***

*Во понеделник сум нерасположен.*

*Одењето на плажа е позабавно од качувањето по планини.*

*Најубав е сладоледот со чоколаден вкус.*

Потоа, еден пар ги чита фактите, а другите проверуваат дали и тие ги означиле истите реченици како факти. На крајот наставникот го кажува точниот одговор. Друг пар ги чита мислењата, другите проверуваат, а со помош на наставникот се одредуваат точните одговори.

Се заклучува дека фактите може да се проверат и да се докаже дали се вистинити и непристрасни. Мислењата, пак, одразуваат гледишта и верувања за определени работи и затоа се субјективни и пристрасни.

# Главен дел од часот

**1** **Активност**

*Факт или мислење (реализација 20 минути)*

Наставникот наведува примери, а учениците одредуваат дали станува збор за факт или за мислење, со цел да ги разберат основните разлики меѓу овие поими.

Наставникот го дава следниот пример: *„Според мене, Шпанија е најдобрата земја за одмор“*. Потоа, учениците кажуваат дали се согласуваат или не со кажаното и дискутираат дали овој исказ е точен/проверлив или не.

Се заклучува дека исказот пренесува мислење, верување или гледиште. Тоа може, но не мора да се заснова врз факти и не може да се докаже дека е точно или погрешно.

Потоа, наставникот дава други примери: *„Мачката е цицач. Највисокиот планински врв во Северна Македонија е Голем Кораб со 2.753 метри“*. Учениците, врз основа на своите знаења и претходната дискусија, ја утврдуваат точноста/вистинитоста на исказите.

Се заклучува дека фактите може да се проверат и да се докаже дали изнесеното тврдење е точно или неточно.

Во продолжение на часот, учениците добиваат листови на кои се напишани неколку факти и мислења што треба да ги обележат со соодветна боја (со жолта оние искази што претставуваат мислења, а со зелена оние за кои учениците сметаат дека се факти). Наставникот има подготвено слајд со исказите од работните листови (Прилог 1) и слајд со точните одговори од работните листови (Прилог 2).

Учениците работат самостојно, а откако ќе ја завршат задачата, наставникот им го покажува слајдот со одговорите. Секој ученик проверува дали точно одговорил, а потоа заедно се дискутира за разликите меѓу фактите и мислењата. Наставникот ја модерира дискусијата поставувајќи прашања:

↘ Како утврдивте што е факт?

↘ Како утврдивте што е мислење?

↘ Што ви беше тешко во оваа вежба?

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Да обоиме (реализација 10 минути)*

Учениците работат во пар и во дадениот текст забележуваат што е мислење, а што факт. (мислењата ги обележуваат со жолт, а фактите со зелен фломастер)

**Интересни факти за птицата колибри**

*Колибри (науч. Trochilidae) е семејство птици што му припаѓа на родот чиопи (Apodifoemes). Според многумина, колибрите се најубавите птици на светот. Семејството на птицата колибри има повеќе од 100 рода и меѓу 330-340 вида.*

*Колибри се многу мали птици. Најмалите колибри, кои истовремено се најмал вид птици воопшто, Mellisuga helenae, заедно со клунот и со пердувите на опашката се долги само 6 сантиметри. Доколку ме прашувате мене, јас без двоумење ќе го прогласам овој вид за најубав на светот.*

Потоа ги разгледуваат и ги споредуваат одговорите во мали групи, а на крајот секоја група ги споделува одговорите пред учениците од целата паралелка и заеднички ја проверуваат точноста на одговорите.



**Рефлексија**

- Што научивме?
- Како може да разликуваме факти од мислења?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?



## 1 Прилог ↘ Разликување факти од мислења

- **Пример 1**

Галичица е планина што се наоѓа во Охридско-преспанскиот регион.

- **Пример 2**

Галичица е најубавата планина во Македонија.

- **Пример 3**

Галичица е висока 2.254 метри и од нејзиниот врв се гледаат двете најголеми природни езера во Македонија: Охридското и Преспанското.

- **Пример 4**

Кучето е најдобриот пријател на човекот.

- **Пример 5**

Втората светска војна се случила меѓу 1939 и 1945 година.

## 2 Прилог ↘ Разликување факти од мислења ↘ точни одговори

- **Пример 1**

Галичица е планина што се наоѓа во Охридско-преспанскиот регион. / факт

- **Пример 2**

Галичица е најубавата планина во Македонија. / мислење

- **Пример 3**

Галичица е висока 2.254 метри и од нејзиниот врв се гледаат двете најголеми природни езера во Македонија: Охридското и Преспанското. / факт

- **Пример 4**

Кучето е најдобриот пријател на човекот. / мислење

- **Пример 5**

Втората светска војна се случила меѓу 1939 и 1945 година. / факт

## Час 2
*Агол на приказната*

### Стандард за оценување

Ученикот/ученичката:

↘ креира кратка вест за настан;

↘ креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти/мислења.

### Ресурси за часот:

↘ работни листови;

↘ илустрации;

↘ приказната за Црвенкапа.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Цртање според дадени насоки (10 минути)*

Учениците се делат во парови и седат свртени со грб еден кон друг. Едниот ученик во парот има цртеж пред себе, на кој има некаква илустрација (на пример, камион, куќа, мост...). На својот партнер треба да му објасни што да црта, но преку давање инструкции, а не преку директно кажување на темата на цртежот (на пример, нацртај два круга поврзани со линија, над нив нацртај еден квадар, напред нека има две други кружчиња итн.). Оној што слуша може да поставува прашања, но не смее да праша за кој предмет/тема станува збор. Кога сите ќе го нацртаат тоа што го кажувал нивниот партнер, треба да се свртат и да ја погледнат оригиналната слика.

Потоа, наставникот ги прашува учениците: Дали има разлика меѓу оригиналот и цртежот? Од каде доаѓаат тие разлики? Што мислите дека е полесно, да примате или да споделувате информации? Зошто? Дали можеме со зборови секогаш најточно да го искажеме она што го мислиме или што го гледаме? Дали можеме да разбереме точно што мисли оној што ни раскажува нешто? Дали за разбирањето меѓу луѓето би помогнало тие повеќе да ги опишуваат работите што ги мислат или што сакаат да ги кажат?

Се заклучува дека разликите меѓу оригиналот и цртежот во активноста се поради недоволно прецизно и јасно објаснување, но и поради субјективноста на интерпретацијата на кажаното на оној што слуша.

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Приказната за Црвенкапа од друг агол (реализација 25 минути)*

Учениците седат во круг и наставникот најавува дека ќе ја чита приказната за Црвенкапа раскажана од волкот.

***Црвенкапа и волкот***

*Еден ден гладот многу ме притискаше. Се шетав во шумата и навистина, ама навистина се трудев да најдам нешто за јадење. Не знаете како е да си сам и гладен. Дури бев и осамен. Гледав во свенатите цвеќиња, во празните крошни од дрвјата, во празните улишта на пчелите. Беше суво, жолто, празно, една гладна и здодевна есен. И, одеднаш, ја гледам Црвенкапа со тооолкаааава кошничка со пита и со што уште не во неа. Ја намирисав од влезот на шумата. Ми тропаше нешто во грклaнот. Ја пресретнав и веднаш без срам - гладот не знае за срам - побарав да ме части со питата. Таа дотерана и важна, ми рече дека не е за мене печено, дека треба сам да си најдам тоа што барам, а не сè на готово. Таа си замина, а јас почнав да си плачам, толку бев гладен. Одеднаш ми текна спасоносна идеја: да појдам кај бабата! По покусиот пат стасав брзо. Бабата иста како Црвенкапа, едвај ме пушти да влезам, не дава ништо за јадење. Видов, не видов, почнав да вијам. Таа излезе низ вратата по пантофли. Си се облеков во некои нејзини алишта и си чекам да дојде Црвенкапа. Најпосле дојде. Си молчам, одговарам само кратко: да, не. Таа ми подаде полна чинија со пита. Ох, каква гозба.*

**По читањето, учениците, поделени во групи, одговараат на следните прашања:**

- Што мислевте/како ја доживувавте Црвенкапа пред да ја чуете приказната на волкот?
- Што мислевте за волкот?
- Што мислите сега за Црвенкапа, а што за волкот?
- Дали се смени вашето мислење за волкот откако ја слушнавте оваа приказна? Зошто?
- Дали е волкот во право?
- Има ли аргументи да му веруваме?
- Дали неговата верзија е помалку веројатна од онаа што ја знаевте?
- Каде е вистината: во една од верзиите или во нова, обединета верзија?

Откако ќе одговорат на прашањата, се отвора дискусија дали за да се добие правилно и реално гледање на работите и на настаните, потребно е да се има што е можно повеќе и попрецизни информации за нив. Дали доколку во некоја вест или информација е вклучено само едно мислење, тоа претставува само дел од реалноста?

На крајот се заклучува дека за да изведеме правилен заклучок за некого или за нешто, неопходно е да се погледне ситуацијата и низ „очите“ на другата страна. Ако сакаме целосно и сестрано да се информираме за некој настан, мора да побараме, да прочитаме и да слушнеме различни верзии на настанот, односно информации од повеќе различни лица и извори.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Другата страна на приказната (реализација 5 минути)*

Наставникот ги поттикнува учениците, во групи, да споделат некоја ситуација/информација што ја виделе/слушнале на медиуми (телевизија, радио, весници, електронски медиуми, социјални мрежи), а која предизвикала да го сменат мислењето откога ја „слушнале и другата страна“, односно „другата приказна“ за истата ситуација.

Потоа, по еден претставник од групата пред сите ученици од паралелката споделува ситуација/информација за која претходно во рамките на групата се согласиле дека е најинтересна од искажаните.



## Рефлексија

- Што научивме?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?



Час 3

*Што е вест?*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- креира кратка вест за настан;
- креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти/мислења.

**Ресурси за часот:**

- паметна табла/или табла;
- маркери;
- листови хартија;
- интернет-пристап;
- претходно подготвени текстови со различни видови вести.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Непознат збор (реализација 15 минути)*

Учениците, поделени во групи, добиваат од наставникот текст со задача да го прочитаат и да ги издвојат непознатите зборови (текстовите може да бидат од детски списанија или од други списанија, но разбирливи и соодветни на возраста на учениците).

Во оваа активност се дадени како пример следните текстови:

***Литературни манифестации за деца (текст за прва група)***

*Повеќе од 200 литературни творби пристигнаа на литературните конкурси распишани во рамките на литературната манифестација „Средби под јаворите ↘ Видое Подгорец“. Ученици од основните училишта твореа на две теми: „Што е росата“ и „И кога лажам, ја зборувам вистината“. Конкурсите се инспирирани од творештвото на роднокрајниот поет и еден од најплодните македонски автори за деца Видое Подгорец.*

*Хумористичните конкурси, пак, се во чест на авторот Киро Донев, најблизок пријател и соработник на Подгорец и основач на манифестацијата.*

*Литературната манифестација за деца „Средби под јаворите ↘ Видое Подгорец“ се одржа по 21-ви пат во Струмица и во Колешино. Дводневните активности започнаа во Струмица, со стручно советување за библиотекарите, на тема „Библиотеките темел на писменоста“.*

*Завршниот дел од манифестацијата се одржа во училиштето „Видое Подгорец“ во Колешино. Покрај доделувањето на наградите на најуспешните творби, присуствуваа и приближно 150 ученици од повеќе основни училишта од државата, кои со своите настапи им дадоа посебен печат на годинашните „Средби под јаворите“.*[8]

***Летен камп за млади фудбалерки во Нов Дојран (текст за втора група)***

*Во периодот од 16 до 20 мај, во Нов Дојран, се одржа летен камп за млади фудбалерки родени во 2008, 2009 и во 2010 година. На кампот учествуваа 37 талентира-*

8 Нова Македонија, рубрика „Колибри“ (2022) „Средби под јаворите ↘ Видое Подгорец 2022“. Достапно на: https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/sredbi-pod-javorite-vidoe-podgorec-2022/.

*ни девојчиња од цела Македонија, кои се активни фудбалерки во своите клубови. Како што нѐ информира една од тренерите Бојана Танова, овие млади фудбалерки имаат тренинг двапати во денот, а станува збор за селектирање млади фудбалерки за државната селекција У-15. Според Танова, тие посветено и сериозно тренираат иако се млади и ги слушаат советите на своите тренери. Танова исто така истакна дека, освен што се вљубеници во фудбалот, сите тие се и одлични ученички. Целта на овој проект е да се едуцираат и да се селектираат млади девојки што го сакаат фудбалот. Се одржуваат по два тренинга дневно, а со младите фудбалерки работат лиценцирани тренери и професори по физичко образование: Катерина Милевска, Бојана Танова, Драги Атанасовски, Станкица Атанасова и Јовица Блажевски. Координатор на овој проект, кој е започнат од 2019 година, е Добре Димовски, поранешен селектор на женската репрезентација на Македонија.*[9]

Откако ќе ги прочитаат текстовите и ќе ги објаснат непознатите зборови (доколку ги има), по еден претставник од групата гласно го чита текстот пред целата паралелка.

Наставникот разговара со учениците за информациите што се добиваат од двата текста. Им ги поставува следните прашања: Како се нарекува кус текст што дава информации? Зошто се пишуваат (или снимаат) вести? Какви информации има во првата, а какви информации има во втората вест?



Потоа им дава задача на учениците, во рамките на групите, да ги издвојат важните информации и да се обидат да постават прашања поврзани со информациите дадени во текстот.

Претставник од секоја група ги чита издвоените информации и прашањата од кои може да се добијат информациите.

На крајот, со помош на наставникот се заклучува дека веста е куса форма на известување и дава информација за нешто што се случило. Веста треба да ги содржи одговорите на следните прашања: Што (се случило)? Кој (учествувал/направил)? Каде (се случило)? Кога (се случило)? и Зошто (се случило)?

---

**9** Нова Македонија, рубрика „Колибри" (2022) „Летен камп за млади фудбалерки во Нов Дојран". Достапно на: https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/leten-kamp-za-mladi-fudbalerki-vo-nov-dojran/

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Пет прашања на кои треба да одговори веста (реализација 20 минути)*

Наставникот бара од учениците да состават вест од понудени делови (зборови и реченици). При составувањето на веста, треба да се водат од петте прашања: Што? Кој? Каде? Кога? и Зошто?

Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со делови од веста што треба да ја состават и список со прашањата по кои треба да се раководат при составување на веста.

**Работен лист**

- головите ги дадоа Омерагиќ, Стојановски и Берант
- резултат 3:1
- реванш-натпревар
- фудбалски тим Чаир
- фудбалски тим Тетово
- прва победа на домаќинот
- на стадионот „Слога“ на 12.5.2022 (сабота) во 17.00 часот

ШТО (се случило)?

КОЈ (бил вклучен)?

КАДЕ (се случил настанот)?

КОГА (се случило – време и датум?)

ЗОШТО (се случило тоа – причини)?

По 15 минути работа во групи, по еден ученик од секоја група го чита текстот што го напишале. Составениот текст би можел да изгледа вака:

*За време на реванш-натпреварот што се одржа на 12.5.2022 во 17.00 часот на стадионот ,, Слога ‘‘, фудбалскиот тим ,, Чаир ‘‘ го победи тимот ,, Тетово ‘‘ со резултат 3:1. Тоа беше прва победа на домаќинот, а головите ги дадоа Омерагиќ, Стојановски и Берант.*

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Што е вест? (реализација 5 минути)*

**Во завршниот дел од часот, во групи, учениците одговараат на следните прашања:**

↘ Што беше тешко, а што беше лесно во пишувањето на веста?

↘ На кои прашања треба да одговори веста?

↘ Кои се некои од главните карактеристики на веста?

↘ Какви вести вие читате/гледате во медиумите? На која тема?

На крајот, секоја група ги кажува одговорите пред сите ученици во паралелката и заеднички ја проверуваат нивната точност.



**Рефлексија**

- Што научивме на денешниот час?
- Каде може да прочитаме/да слушнеме/да гледаме вести?
- Зошто треба да знаеме што се вести и како се создаваат?
- Дали знаете кој вообичаено пишува вести во медиумите?

**! Домашна задача**

**Дневно информирање**

Учениците, поделени во парови, избираат некој интересен настан што се случил во училиштето или во нивното место на живеење. Нивна задача е да напишат вест за настанот со користење факти ↘ да кажат што се случило, кој учествувал, како, каде и кога се случило дејството. Еден од учениците, во улога на новинар, го чита напишаниот текст, а друг го снима со мобилен телефон. Снимките на сите групи се презентираат на следниот час по медиумска писменост и
заеднички се вреднуваат во поглед на тоа дали се застапени сите барани елементи за опишување на настанот (што, кој, каде, кога и зошто).

*Домашната задача треба да ја завршат за една седмица.*

Час 4

# Работилница „Редакција“ (2 часа)

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- креира кратка вест за настан;
- креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти или/и мислења;
- креира едноставни прашања за спроведување интервју.

## Воведен дел од часот

### 1 Активност

*Прашања и одговори (реализација 5 минути)*

Учениците на почеток ги презентираат снимките што ги изработиле и заеднички анализираат дали се застапени сите барани елементи за опишување на настанот (што, кој, каде, кога и зошто). Потоа наставникот ги поттикнува учениците да одговорат на некои од следните прашања: Што е вест? Каде сте слушнале/виделе презентација на вест/-и? Како се викаат луѓето што пишуваат вести/пренесуваат информации? Каде работат тие? Дали сте слушнале за поимот „редакција“?

Учениците доброволно се јавуваат да одговорат на прашањето што го знаат, а наставникот го дополнува секој одговор со потребните податоци за да може учениците да стекнат основни знаења за содржината.

На крајот, заедно резимираат дека редакцијата во одреден медиум е составена од новинари и од уредници. Во зависност од медиумот, редакцијата има свои тимови по области: култура, спорт, политички прашања, образование и слично.



## Главен дел од часот

### 1 Активност

*Креираме медиумска содржина (реализација 30 минути)*

Учениците даваат предлози за подготовка на медиумска содржина што ќе биде објективна и заснована на факти (на пример: здрав живот, екологија итн.). Учениците се поделени во групи (секоја група претставува „редакција“ во одреден медиум) и треба да разработат и да подготват одредена содржина на избраната тема. Во рамките на групата (односно на редакцијата) учениците преземаат улога на новинар, фотограф, уредник и главен уредник. Потоа, во согласност со улогата во редакцијата, секој добива и определена задача:

- новинарите треба да приберат информации за темата и да напишат вест;
- фотографот треба да направи соодветна фотографија што ќе ја придружува веста, или да избере соодветна фотографија од интернет;
- уредникот треба да ја прочита веста и да реши каде ќе ја објави, односно каде ќе ја презентира (на училишната веб-страница, на огласна табла во

училиштето, ќе се сподели преку Вибер-група на паралелката итн.) во зависност од публиката за која е намената;

↘ главниот уредник треба да го надгледува целиот процес на создавање и на презентирање на веста.

Учениците прават план за работа (дали и кого треба да прашаат/интервјуираат, каде треба да истражат/да соберат информации, како да ги презентираат информациите, да определат временска рамка за пишување на веста/медиумската содржина, за фотографирање, кога да го предадат текстот до уредникот и до главниот уредник).

Учениците, исто така, добиваат насока дека во процесот на информирање, не треба да се објавуваат непроверени информации.

Пример на теми и насоки за подготовка на вест/медиумска содржина:

***Екологија***

- Учениците, поделени во групи, изработуваат медиумски текст чија цел е да ги информира помалите ученици и да им објасни зошто не треба да се користат пластичните кеси и пластичниот прибор за јадење и пиење. Нивна задача е да користат убедливи факти и мислења на експерти за штетноста од користењето пластични предмети за планетата Земја. Информациите може да ги бараат на интернет или од други медиуми. Напишаните текстови им се читаат на помалите ученици за време на час или се спојуваат во брошура што тие ќе ја добијат.

***Здрав начин на живот***

- Учениците смислуваат по 3 прашања наменети за интервју за да добијат мислење од психологот или од педагогот во училиштето за тоа како учениците да развијат навики за здраво живеење. Групите ги читаат прашањата и во заедничка дискусија се избираат пет-шест прашања што ќе ги поставаат во вистинско интервју. За време на спроведувањето на интервјуто, еден ученик ги поставува прашањата, друг ги запишува одговорите, а трет снима со мобилен телефон. Интервјуто се објавува на веб-страницата на училиштето во пишана и/или во снимена форма.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Распределба на задачите во редакцијата (реализација 5 минути)*

Секоја група (редакција) го презентира планот и задачите на секој член на редакцијата (кој што треба да подготви до наредниот час) пред паралелката и добиваат повратна информација од наставникот и од соучениците.

**Рефлексија**

- Што научивме на денешниот час?
- Зошто треба да знаеме како работи редакцијата на еден медиум?
- Кој е одговорен за објавената содржина (новинарот, фоторепортерот, уредникот или сите заедно)?



**Час 5**

*Работилница „Редакција"*

**Стандард за оценување**

Ученикот/ученичката:

- креира кратка вест за настан;
- креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти или/и мислења;
- креира едноставни прашања за спроведување интервју.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Од податок до уредена вест (реализација 20 минути)*

Учениците во рамките на групите ги разменуваат собраните податоци во согласност со улогата што ја имале (податоци од истражување, интервјуа, изјави, фотографии) и ја оформуваат конечната верзија на медиумската содржина. Откако уредникот ќе ја одобри содржината за објавување, му ја предава на главниот уредник.

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Објавување вест (реализација 20 минути)*

Учениците од секоја група посебно ги објавуваат медиумските содржини на одреден медиум или ги презентираат пред своите соученици. Една група може да ја сподели содржината преку одредена апликација на мобилните телефони, преку веб-страница на паралелката/училиштето, како пораки до родителите/локалната заедница или преку постери/цртежи на огласната табла.

Сите ученици ги слушаат/читаат/гледаат медиумските содржини и даваат свои коментари.

# Завршен дел од часот

**1 Активност**

*Прашања и одговори (реализација 5 минути)*

Учениците, во рамките на групата, одговараат на прашањата: Дали сметате дека успешно ја пренесовте веста/медиумската содржина до публиката? Дали содржината се засноваше на факти? Имаше ли вклучено и одредени мислења во содржината? Дали е интересна професијата новинар?

На крајот од часот, претставник од секоја група накусо кажува дали тие како група се задоволни од сработеното и со какви предизвици се соочиле при работата.

**Рефлексија**

- Што научивме на денешниот час?
- Зошто е важна професијата новинар?
- Зошто е важно да знаеме како работи редакцијата на еден медиум?

## Час 6

# *Проверка на веродостојноста на медиумските содржини*

### Стандард за оценување

Ученикот/ученичката:

- користи едноставни начини за проверка на веродостојноста на медиумските содржини на интернет.

### Ресурси за часот:

- работни листови;
- паметна табла;
- интернет-пристап;
- сет фотографии;
- маркери.

# Воведен дел од часот

**1 Активност**

*Фотографија (реализација 5 минути)*

Учениците заедно го разгледуваат сетот од фотографии (Прилог 1). Наставникот прво презентира слајд на кој е прикажана едната фотографија, а потоа слајд на кој се гледа вистинската фотографија, односно објаснувањето како настанала првата фотографија.

**1 Прилог**





Извор: Интернет-страница „Црно бело“[10]

Учениците кажуваат свои мислења како настанале фотографиите, дали и тие имале искуство да направат таква фотографија и како.

На крајот се заклучува дека постојат различни апликации што можат да ги изменат или да ги прикажат фотографираните работи поинаку, поради што секогаш треба да се внимава и, колку што е можно, да се провери веродостојноста на фотографијата.

# Главен дел од часот

**1 Активност**

*Лажна вест (реализација 25 минути)*

Наставникот подготвува лажна информација под наслов *„Горила избега од зоолошката градина во Њујорк“*. Во текстот се наведува кога избегало животното, се нагласува опасноста од горила на слобода и се предупредуваат луѓето да не излегуваат од дома. Притоа не се споменува Њујорк, ниту изворот на веста. Текстот е придружен со фотографија на горила што шета по улица од некој град. Веста, заедно со фотографијата, ја споделува со учениците. Учениците се делат во мали групи и добиваат задача да ја проверат вистинитоста на веста и

**10** Онлајн портал за забава „Црно бело“. Достапно на: https://www.crnobelo.com/zabava/interesno/60904-14-foto-dokazi-deka-sovrshenite-instagram-fotki-se-lazhni

веродостојноста на фотографијата. За таа цел пребаруваат на интернет - впишуваат *„горила избега од зоолошка во Њујорк“* и откриваат дека објава за таква вест од релевантни извори нема. За проверка на фотографијата ја користат страницата https://images.google.com/. Наставникот им ги дава следните насоки за проверка на веродостојноста на информацијата:

- на интернет побарајте ја оригиналната публикација;
- проверете го датумот на објавувањето;
- проверете дали е потпишан авторот;
- проверете дали на веб-страницата има посебен дел ЗА НАС/КОНТАКТ/ИМПРЕСУМ (кој е сопственик, уредник, кои се новинарите итн.);
- проверете ги изворите на информациите (ако се споменати);
- проверете дали фотографијата е поврзана со содржината или не;
- проверете го квалитетот на текстот во поглед на новинарскиот стандард, дали написот е заснован врз соодветни извори, дали е непристрасен, објективен итн.;
- проверете во пребарувачот што најчесто го користите (Гугл, Бинг...) или во некој агрегатор на вести (time.mk, grid, mk, fox.al..) дали има други локални, регионални или меѓународни медиуми што известуваат за оваа тема;
- ако се покаже дека веста не е веродостојна, откако ќе ги проверите сите претходни чекори, проверете дали некоја од социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер) или локалните проверувачи на факти (proverkanafakti.mk, crithink.mk) го означил овој напис како неверодостоен;
- споредете ги информациите од овој напис со некои други објави и споредете ги текстовите дали се совпаѓаат.

Заеднички се констатира дека веста е лажна, а фотографијата не е веродостојна. Преку дискусија се заклучува дека е многу лесно (особено преку социјалните медиуми) да се пласираат лажни информации и да се споделуваат лажни или изменети фотографии.

# Завршен дел од часот

## 1 Активност

*Веродостојност на фотографија (реализација 10 минути)*

Учениците дискутираат за веродостојноста на фотографиите што секојдневно ги гледаат или се споделуваат преку интернет/социјални мрежи, како и за опасноста од изложеноста на лажни фотографии и вести што се уверливи поради нивната техничка обработка.

Од дискусијата, со помош на наставникот, се заклучува дека секогаш кога учениците ќе забележат нешто необично, треба да ги проверат информациите или фотографиите преку повеќе извори бидејќи и оние со поголемо искуство и медиумска писменост понекогаш прават грешка во читањето/препознавањето на информацијата.

## Рефлексија

- Што научивме денес?
- Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?
- Дали наученото може да го користиме во реалноста или на интернет?
- Зошто е важно да знаеме како да ги провериме информациите?



